**20150461781**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

Врз основа на член 12 став (2) од Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/05, 4/08, 48/10, 158/10, 44/11, 53/11, 11/12, 171/12, 187/13 и 15/15), министерот за финансии, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ВИДОТ И ИЗНОСОТ НА ЦАРИНСКИТЕ НАДОМЕСТОЦИ ЗА НАПРАВЕНИ УСЛУГИ ВО ЦАРИНСКАТА ПОСТАПКА

Член 1

Во Правилникот за видот и износот на царинските надоместоци за направени услуги во царинската постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 89/07, 107/08 и 192/14), во членот 2 во табелата, реден број 3 се менува и гласи:

„

| | | |
|---|---|---|
| 3. | За пристап и користење на компјутерскиот систем на Царинската управа (МАКЦИС) се плаќа надоместок по поднесена и прифатена царинска декларација и тоа за:<br>- увозни царински декларации; вклучувајќи ги декларациите поднесени и прифатени во поедноставени постапки<br>- извозни царински декларации, вклучувајќи ги декларациите поднесени и прифатени во поедноставени постапки и<br>- транзитни царински декларации,<br>освен оние кои се поднесени и прифатени согласно со меѓународен договор кон кој Република Македонија пристапила или го ратификувала. | 70,00 денари |

“

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 20-2089/1
19 март 2015 година
Скопје

Министер за финансии,
**Зоран Ставрески**, с.р.